

# Обуки Microsoft, Java и Linux

***Датум:*** 15 септември до 30 ноември 2011

***Време:*** Курсот се изведува два пати неделно по 4 часа.

**Препорачани термини се :**

група 1 - понеделник/среда од 17-21,

група 2 - вторник/четрвток 17-21,

група 3 - петок 17-21 и сабота 08-12,

група 4 – сабота/недела 12-16,

или група 5 сабота/недела 16-20.

***Локација:*** Во просторрите на ПСМ во Аеродром и Автокоманда.

***Број на учесници:*** 15 - 20

***Цена:*** од 4499 до 5999 (зависно од курсот)

**** Цената е со вклучен ДДВ*

***Пријавување:*** obuki@iacademy.mk и trainings@yes.org.mk

Пријавување на trainings@yes.org.mk со име, презиме и контакт телефон

## За кого е наменета обуката?

За секој кој е заинтересиран, не постои ограничување за учество во курсевите.

## За предавачот

Иновејшн Академија, која е иницирана со цел да овозможи обуки, едукација и истражувања.

## Агенда и опис на обуката

### ➢ Програма од Мајкрософт ИТ Академија

Во рамки на оваа академија се нудат следните програми:

1. **Поврзување на веб апликации и бази на податоци** - MS Framework 3.5 **ADO.NET, MS 70-561**
   Создавање на поврзувања со бази на податоци; Избирање и Барање податоци; Податочни сетови; Обновување на податоци; Синхронизирање на податоци; Вовед во LINQ, XML, LINQ кон SQL; Користење на Entity Framework; Податочни сервиси за ADO.NET
   **Цена на програмата – 4499 ден**
   **Фонд на часови: 24**

2. **Развој на веб апликации** - Web Application Development, **ASP.NET, MS 70-562**
Вовед во ASP.NET 3.5; Додавање и конфигурирање на серверски контроли; Валидација на влез и навигација во сајтот; Прилагодување и персонализација на веб апликација; Работа со ASP.NET AJAX и клиенти; Користење на ADO.NET, XML и LINQ со ASP.NET; Работа со контрола за извор и граници; Запишување и работа со сервиси; Создавање на прилагодени веб контроли
**Цена на програмата – 5999 ден**
**Фонд на часови: 40**

3. **Конфигурација и одржување на сервер**, **Windows Server 2008, MS 6419A**
Комбинација на содржини од курсевите за специјалисти за мрежната инфраструктурна технологија, специјалисти за Active Directory технологија и ИТ професионални Сервер Администраторски курсеви за Windows Server 2008 со цел да им обезбеди на студентите знаења и вештини потребни за да управуваат со корисниците и ресурсите, да одржуваат ресурси на серверот, да следат ефикасност на серверот, и да ги заштитат податоците
**Цена на програмата – 5999 ден**
**Фонд на часови: 40**

4. **Управување и одржување на Windows Server 2008** - Мрежна серверска инфраструктура, **MS 6413A**
Вклучува знаења и вештини за управување и одржување на Windows Server 2008 мрежната инфраструктура на серверите. Курсот се фокусира на создавање на план за управување со животниот циклус на серверот, развој и оценување на основните наредби за мониторинг и управување со функциите на серверот, анализа на имплементацијата и конфигурација на неколку различни функции на серверот за Windows Server 2008, и анализа и одржување на мрежната безбедност на серверот.
**Цена на програмата – 5999 ден**
**Фонд на часови: 40**

5. **Надгледување и отстранување проблеми кај** - Microsoft Exchange Server 2007, **MS 5051A**
Exchange Server 2007 претставува голема надградба од претходните верзии, нудејќи рационализирање на функциите на серверот, подобрена соработка карактеристики и поедноставна администрација. Оваа нова функционалност создава потреба од обучени професионалци кои можат да ги искористат овие карактеристики ефективно. Овој курс обезбедува знаења и вештини за инсталирање, конфигурирање и заштита на Exchange Server 2007. Во текот на овој курс, практичните вежби и опсежна студија на материјата обезбедува практично искуство за инсталирање и управување со Exchange Server 2007 средина.
**Цена на програмата – 5999 ден**
**Фонд на часови: 40**

6. **Инсталирање и конфигурирање на** - Microsoft Windows 7 Client, **MS 6292A**
Курсот е наменет за ИТ професионалци, кои се заинтересирани за проширување на нивнито знаење и технички вештини за Windows 7 клиентот. Во овој курс, студентите учат како да инсталираат, надградат и мигрираат на Windows 7 клиентот. Студентите потоа

конфигурираат Windows 7 клиент за мрежно поврзување, безбедност, одржување и мобилни компјутери.
**Цена на програмата – 5999 ден**
**Фонд на часови: 40**

## ➢ Основен Јава курс

Основниот курс за **Јава** ги содржи следниве наставни целини:

1. Програмски јазик, програмирање, дебагирање, составување на прва програма;
2. Примитивни типови, променливи, доделување вредности, печатење вредности;
3. Оператори, децимални броеви, Math методи, создавање нови методи, методи со повратни резултати, предавање аргументи на методи;
4. Условно извршување, алтернативно извршување, логички оператори и Boolean, поврзани и вгнездени услови, return израз, рекурзија;
5. Итерации, while циклус, for циклус, локални промеливи;
6. Низи, пристап и доделување на елементи, должина на низа, низи од примитивни типови, низи од објекти, копирање низи, дводимензионални низи, повеќедимензионални низи, подредување
7. Основи на објектно-ориентирано програмирање, класи, објекти и класи, методи - менувачки и неменувачки, toString метод, equals метод, this покажувач, употреба на static и final
8. Конструктори, користење на new, композиција, редослед на повикување на конструктори, заштита на пристап (private, public);
9. Прекини – exception, try-catch, finally клучен збор, throws клучен збор, операции поврзани со exception, создавање прекини – exceptions, работа со повеќе прекини – exceptions;
10. Вежби и примери со java.lang.String, java.lang.StringBuffer, java.lang.Math, java streams - I/O
**Цена на програмата – 5999 ден**
**Фонд на часови: 40**

## ➢ Линукс

Основниот курс за **Линукс** ги содржи следниве наставни целини:

1. Вовед; историја, лиценцирање, gnu, gpl, opensource, дистрибуција
2. Управување со дискот, систем на датотеки, FAT32, RAID, логички волумени, LVM;
3. Подигање на системот, иницијализација, јадро, Master Boot Record (MBR);
4. Работа со датотеки и директориуми, хиерархија, патеки, наредби, поделба на дискот;
5. Поставување на хардвер, прекини, BIOS, POST, инсталација;
6. Процеси, kill, halt, reboot, наредби на јадрото, shell, bash;
7. Едитори, vi, vim, проточни системи, филтри, grep, наредби и скрипти ;
8. Алатки, find, locate, gzip, wget, корисници и кориснички групи;
9. Мрежно поставување, маскирање, конфигурација, анализирање, netstat, ping, tracert, nslookup, route, ifconfig;
10. Клиент сервер програми, OpenSSH, кориснички програми, Putty, WinSCP, ftp, дистрибуција
**Цена на програмата – 5999 ден**
**Фонд на часови: 40**

**Критериуми**: не постои ограничување за учество во курсевите.

**Место:** Обуките ќе се изведуваат во просториите на ПСМ Фондација во Автокоманда и во Аеродром, во целосно опремена лабораторија со компјутери и Интернет. (Види мапа)

**Време:** Обуките започнуваат од 15ти септември 2011

**ПРИЈАВЕТЕ СЕ НА:** obuki@iacademy.mk **со име, презиме и контакт телефон**

Претприемчки Сервис за Млади (ПСМ) Фондација
Ул. Архимедова (П.Ф. 776)
Авној 114/1 (П.Ф. 776)
1001 Скопје
Тел: + 389 (0) 3130 660 (Автокоманда)
Тел: + 389 (0) 2445 979 (Аеродром)
www.yesincubator.org.mk